




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ**

**9-15 јуни 2026 Билтен бр. 638**

# АСФАЛТИРАЊЕ НА ТРИ УЛИЦИ ВО НАСЕЛБАТА БАРДОВЦИ

**10 јуни**

**Општина Карпош ги започна градежните активности за подготовка за асфалтирање на три новопроектирани улици во населбата Бардовци. Станува збор за изградба на улици со вкупна должина од 663 метри, на подрачје кое не е инфраструктурно уредено. Поточно, ќе се асфалтираат улиците 5, 6 и 7 кои се наоѓаат во непосредна близина на станбениот комплекс „Бахаш“, а вредноста на овој зафат изнесува 28.462.921 денари со вклучен ДДВ. Општина Карпош ги доби овие средства од Владата на РСМ, откако претходно учествуваше со сопствен проект на нивниот јавен повик.**

**Изведувач на работите е фирмата „Филип Инженеринг ДООЕЛ“, а со обезбедување на потребната инфраструктура ќе се овозможи ширење на општината надвор од урбаниот дел на Карпош.**

**Со изведба на овие коловозни траси во М.З Бардовци, се овозможува тамошните жители да се поврзат со останатиот развиен дел од населбата, асфалтно поврзувајќи се со останатите улици, со основното училиште и детската градинка, како и со останатите институции во оваа заедница и градот Скопје.**



# СО ПОСТАВУВАЊЕ „РЕПЕЛЕНТ“ КАРПОШ СЕ ЗАШТИТУВА ОД ЗМИИ

**10 јуни**
**Општина Карпош во соработка со Центарот за јавно здравје, денеска започна акција за поставување на „Репелент“ – средство за превенција и заштита од змии. Првенствено, стручните лица ја започнаа оваа активност во У.З „Кузман Јосифовски Питу“ и „Пецо Божиновски Кочо“ (населба Козле), а деновиве ова средство треба да се се распореди и во останатите населени места на цела територија на Карпош. Со акцијата ќе бидат опфатени сите детски градинки, основни училишта, детски и спортски игралишта, парковите, околината на кејот на Вардар, како и повисоките места низ општината.**

**Станува збор за природен производ кој е безопасен за луѓето, животните и околината, којшто придонесува за намалување на појавата на влекачи. Ова ефикасно средство содржи екстракција на етерични масла од тревки и дрвја, а дејствува на тој начин што шири мирис на свеж оган, при што ги одбива змиите да се приближат до одредена површина.**



# СООПШТЕНИЕ

**12 јуни**
**Општина Карпош изразува сериозна загриженост за зачестените случаи на вандализам и оштетување на урбаната опрема и детските игралиштата на цела територија на општината.**

**Во изминатиов период е евидентирано оштетување на клупи, корпи за ситен отпад, паркинг држачи за велосипеди, детски и спортски реквизити и останата урбана опрема.**

**Последниот случај на кршење на канделабра, на највандалски начин, од страна на малолетни деца, дополнително ја отвара потребата од поголема грижа, одговорност и превенција. Покрај нанесената материјална штета, овде станува збор и за сериозно загрозување на безбедноста по сите граѓани на јавниот простор.**

**Сите досега евидентирани случаи се пријавени до Полициска станица Карпош од каде што добивме известување за поголемо присуство на полициските служби на терен како и расчистување на овие случаи.**

**Апелираме до сите граѓани за совесно и одговорно однесување кон урбаната опрема и јавниот простор како наш заеднички имот и навремено пријавување на секој случај на вандализам до надлежните служби.**

**Апелираме и до родителите за поголема информираност за движењето и однесувањето на нивните деца, како и разговори за значењето од зачувувањето на јавниот простор и последиците од несоодветното однесување.**



# ЕДНОКРАТНА ПОМОШ ЗА СЕМЕЈСТВАТА НА ЗАГИНАТИТЕ КАРПОШАНИ КАЈ СКОПСКАТА ОБИКОЛНИЦА

**Во рамки на 14-та седница со одлука на Советот на Општина Карпош, локалната самоуправа им доделува еднократна парична помош на четири семејства, чии најблиски членови загинаа во сообраќајната несреќа на скопската обиколница, која се случи кон крајот на минатиот месец. Општина Карпош изрази искрено жалење за овој трагичен настан и како израз на солидарност кон семејствата, им доделува парична помош во износ од 100.000 денари за секое починато лице.**

**На денешната седница беа разгледувани и останатите осум точки кои се најдоа на дневниот ред. Во таа насока советниците ги поддржаа измените и дополнувањата на Програма од областа на детската, социјалната и здравствената заштита, а соодветни корекции претрпе и Програмата за образование за 2026 година.**

**Мнозински консензус беше постигнат и за Предлог – Одлуката со која се утврдуваат правилата, во процесот на примена и спроведување на урбанистичките планови. Целта на оваа измена е усогласување со законските и подзаконските акти, како и заштита на јавниот интерес, подобрување на урбаната функционалност и спречување на инфраструктурното преоптоварување.**

**Советниците ја поддржаа Одлуката, со која локалната самоуправа спогодбено ќе преземе административен службеник, кој ќе работи на позиција раководител на Одделение за човечки ресурси во Општина Карпош. Советот даде „зелено светло“ и за Предлог – Одлуката со која се определуваат начинот и условите за давање на користење на училишниот простор, училишните кујни, трпезарии и други подвижни ствари во десетте основни училишта на територија на Карпош, како и овластување за нивно располагање. Со оваа Одлука, Општина Карпош како основач на општинските основни училишта, им го дава на користење училишниот простор кој се наоѓа во објектите на училиштата и во рамки на градежните парцели на училишните установи, како и право на управување и располагање, согласно закон и одредбите од оваа Одлука.**

**Позитивен епилог доживеа и Решението за разрешување на член во Управниот одбор на детската градинка „Пролет“. Имено, советниците го изгласаа Решението со кое поради престанок на мандат се разрешува член на Управниот одбор на ЈУОДГ „Пролет“ од редот на родителите, а на негово место е именуван и верификуван е нов член на Управниот одбор, кој исто така е претставник на родителите.**

Со одлука на Советот, Општина Карпош ја прифаќа донацијата од Друштвото за градежништво, трговија и услуги МИЛЕНИУМ ТИМ ДОО Скопје, во висина од 1.383.409 денари. Станува збор за изработка на основен проект за улична фекална канализација со димензии Ф300мм, на ул.Франц Прешерн во населба Влае. Проектот го изработи фирмата ИПМ Стил Дооел Куманово, со ревизија на основен проект кој е заверен од ЈП Водовод и канализација Скопје и изведба на уличната фекална канализација Ф300 предвидена со проектот.

Советниците ја изгласаа Одлуката за донација од Фондацијата д-р Верица Механџиска, во вид на опремување на сензорна соба во ООУ „Лазо Трповски“. Со оваа донација директно се влијае врз подобрување на условите за работа, развој, едукација, рехабилитација и инклузија на децата со пречки во развојот.




ОПШТИНА КАРПОШ


ОПШТИНА КАРПОШ

# ОПШТИНА КАРПОШ ГИ НАГРАДИ ПРВЕНЦИТЕ НА ГЕНЕРАЦИЈА

**Заменик-градоначалникот на Општина Карпош, Неделчо Крстевски, ги прими најуспешните ученици – првенците на генерацијата 2025/2026 година, од десетте општински основни училишта.**

**Во знак на признание за нивниот исклучителен успех, посветеност и вложен труд, Општина Карпош им додели парична награда во висина од 10.000 денари, како поттик за нивен понатамошен образовен развој.**

**Како дополнително признание за постигнатите резултати, првенците добија и седумдневно летување во кампот „Каливас“ во Грција.**

**Средствата за наградите на првенците на генерација се озбезбедени од Програмата на Одделението за образование на Општина Карпош.**

**Првенци на генерацијата 2025/2026 година се:**

**Нина Каламадевска од ООУ „Братство“,**
**Софија Ѓоргон од ООУ „Димо Хаџи Димов“,**
**Михаил Јачовски од ООУ „Јан Амос Коменски“,**
**Јане Јанев од ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“,**
**Ива Бухова од ООУ „Петар Поп Арсов“,**
**Николина Костовска од ООУ „Аврам Писевски“,**
**Надја Бежоска од ООУ „Војдан Чернодрински“,**
**Дариа Алексовска од ООУ „Лазо Трповски“,**
**Анастасија Цветаноска од ООУ „Владо Тасевски“ и**
**Александра Димитрова од ООУ „Вера Циривири Трена“.**

**Општина Карпош упатува честитки до учениците, нивните родители и наставници за вложениот труд и резултатите и им посакува уште поголем успех во понатамошното образование.**




ОПШТИНА КАРПОШ
WWW.KARPOS.GOV.MK
За Карпош
кој го сакам!